**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 14.07.2023

| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 11 | 2839 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** <u>контролен</u>

**2. Субјекти на надзорот:** Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје

**3. Датум на извршување на надзорот:** 13.07.2023 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се утврди дали операторот постапил по Решението за преземање мерка - јавна опомена, односно дали програмскиот пакет задолжително и бесплатно ги содржи прграмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис во согласност со член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21).

**5. Претходно изречени мерки:**

Решение за преземање мерка - јавна опомена (Уп.1 бр.11-225 од 27.06.2023 година), со кое на операторот му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21). Решението е донесено врз основа на Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-2559/1 од 21.06.2023 година.

Решението е уредно примено на 27.06.2023 година.

**6. Констатација од надзорот:**

Со контролниот надзор констатирано е дека операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, во својот програмски пакет ги нема обезбедено програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис односно не врши реемитување на програмските сервиси „МРТ 2“, „МРТ 3“, „ МРТ 4“ и „МРТ 5“, што е спротивно на член 143 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**7. Предлог мерка:**

Поради тоа што операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, продолжува со вршење на истата повреда на Законот за која е опоменат, Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**